Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 05.07.2020

На 04.07.2020 во 10.50 часот кај клучка Волково од полициски службеници од СВР Скопје биле лишени од слобода Р.М.(39) и М.М.(27) двајцата од Скопје бидејќи кај нив била пронајдени едно пакување бело-тврда материја завиткана во алуминиумска фолија и бела прашкаста материја спакувана во две најлонски кесички. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.07.2020 во 04,00 часот во Полициската станица Карпош, В.Ѓ.(49) од Скопје пријавил дека П.М.Д. (26) од Р.Италија, била заклучена во стан во Охрид, односно противправно лишена од слобода од лицето С.С.(19) од Скопје, кој што бил со привремено живеалиште во Р.Италија. Од полициски службеници од СВР Охрид излезено е на терен и во стан на ул. "Партизанска" во Охрид, сопственост на Л.С.(60) од Охрид кој го имал изнајмено, била пронајдена П.М.Д., како и лицето Б.Ф. од Скопје, познаник на С.С. Набргу С.С. и Б.Ф. се приведени во СВР Охрид. За настанот е запознат јавен обвинител, а од страна на судија на претходна постапка на давајата приведени им е одредена мерка во траење од по осум дена. По целосно документирање на случајот против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 04.07.2020 около 21,45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница "Св.Наум Охридски" бил донесен повреден Ш.П.(29) од с.Батинци, скопско, со повреди од нож, кој за кратко време починал. Во меѓувреме донесен бил и Н.С.(28) од с.Батинци исто така со повреди, а со возило од итна медицинска помош во Комплекс клиники "Мајка Тереза" пренесени се М.С.(39) од с.Батинци кој бил повреден од огнено оружје, и И.Г.(25) од с.Батинци кој бил повреден со нож. Според првични информации, во двор на угостителски објект во с.Батинци, сопственост на Р.Ц.(27) од село Црн Врв најпрво дошло до нарушување на јавниот ред и мир, а потоа било употребено огнено оружје и нож. Постои основано сомнение дека можен сторител е Н.З. од с.Батинци кој е во бегство и по кого се трага. На местото на настанот била пронајдена една чаура и два неиспукани проектили. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 05.07.2020 во 03,50 часот во Полициска станица Прилеп, К.С. од Прилеп, полициски службеник во Полициска станица Прилеп пријавил дека во двор од куќа во негова сопственост на ул. "Киро Крстевски-Платник" непознато лице фрлило импровизиран молотов коктел кој успел самиот да го изгасне, при што нема повредени лица ниту поголема материјална штета. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.07.2020 во 09,45 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека Р.М.(45) од Свети Николе, вработен во „ЕВН-Дистрибуција" -Скопје, вршејќи работни задачи на трафостаница кај градските гробишта во Свети Николе се здобил со тешки телесни повреди така што паднал на бетонска подлога од скала од висина од три и пол метри. По настанот Р.М. бил пренесен во Клиничката болница Штип за укажување на лекарска помош. Увид на местотот на настанот извршила екипа од Полициска станица Свети Николе. За настанот е запознаен јавен обвинител и државен трудов инспектор.

На 05.07.2020 околу 00,40 часот на ул. "Пиринска Македонија" во Куманово се случила сообраќајна незгода во која Д.Г.(23) од Куманово, управувајќи моторцикл "Априлија" со дебарски регистарски ознаки изгубил контрола над мотоциклот, излетал од коловозот и удрил во железно-бетонска ограда а потоа удрил во паркирано патничко моторно возило "пежо" со кумановски регистарски ознаки. По незгодата на Д.Г. му биле констатирани тешки телесни повреди и со возило на итна медицинска помош бил пренесен во Комплекс клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид е извршен од страна на екипа од СВР Куманово а за настанот е запознает и јавен обвинител.

На 04.07.2020 во 22,10 часот во СВР Скопје, Ш.И.(58) од Скопје пријавил дека во период од 19,30 до 21,45 часот во куќа во Скопје во негова сопственост од непознато лице му била извршена тешка кражба така што сторителот насилно влегол во куќата и од една од собите одзел три кеси со 800.000 евра, 60.000 американски долари, 50.000 швајцарски франци и 1.000.000 денари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.07.2020 во Полициска станица Прилеп, Џ.Ј.(62) од Прилеп пријавил дека на 02.07.2020 околу 18,00 часот од домот на ул."Тризла" се оддалечил неговиот син А.Ј.(41). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 05.07.2020 во 01,15 часот во Полициска станица Центар било пријавено дека на 04.07.2020 во 21,00 часот од Јавната установа Меѓуопштински центар за социјални работи, самоиницијативно се оддалечила нивната штитеничка Р.И.(15) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 05.07.2020 во 09.30 часот во СВР Скопје, Ѓ.С.(33) од Скопје пријавила дека на 04.07.2020 во 09.30 часот од домот на ул. "Палмиро Тољати" во Скопје се оддалечила нејзината керка С.С. (15). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 04.07.2020 во 16.30 часот на ул. Благој Стефковски од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Д.Д.(72) од Скопје бидејќи кај него бил пронајден пиштол "Бровинг" кал.7,65, рамка со 9 куршуми и три куршуми кал.7,65 за што постои основано сомнение дека потекнуваат од кривично дело – " недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" казниво по чл.396 од КЗ на РСМ. По целосно документирање на случајот против Д.Д. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04/05.07.2020 во 22.10 часот и 03.00 часот на подрачје од Центар од полициски службеници од СВР Скопје, во два одвоени случаи биле лишени од слобода Н.Б.(39) од Скопје и Ф.И(30) од Штип бидејќи кај нив биле пронајдени прашкаста материј, марихуана, кристализирана материја, како и рачно изработена цевка за инхалирање. По целосно документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 04.07.2020 во 21.00 часот и 22.00 часот на подрачје од Карпош од полициски службеници од СВР Скопје биле лишени од слобода В.А.(19), Ф.Г.(33) и Б.Г(45) сите од Скопје бидејќи кај нив биле пронајдени прашкаста материј и опојна дрога марихуана. По целосно документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 04.07.2020 околу 03.23 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосница од ул. "Доне Божинов" и бул. "Октомвриска Револуција" во Куманово, Д.Т.(34) од Куманово одбил да послуша наредба на полициска службеничка која извршувала редовни работни задачи во врска со претходно случена сообраќајна незгода и физички ја нападнал по што го напуштил местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.07.2020 во 02.30 часот во СВР Куманово, О.Г. вработен на бензиска пумпа и М.В.(34) од Куманово пријавиле дека околу 02.20 часот додека М.В. бил на работно место како обезбедување на бензиска пумпа на ул. "Ѓорче Петров" во Куманово, по претходна расправија, бил физички нападнат од Б.Н. и Љ.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.07.2020 во 01.00 часот во СВР Струмица, било пријавено дека на 18.05.2020 во попладневните часови бил извршен попов напад на малолетно лице од страна на други двајца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.07.2020 во 21,05 часот во СВР Струмица, Ш.Ф.(46) од Струмица пријавил дека околу 20,30 часот на ул. "Бетоненова" во Струмица, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од У.Н, Г.Н и А.Н сите од Струмица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.07.2020 во 21.10 часот во СВР Велес било пријавено дека во Општата болница Велес дошол Н.Б.(40) од Велес кому му биле констатирани тешки телесни повреди здобиени, по негово кажување, во сообраќајна несреќа што се случила околу 20.30 часот во близина на кружен тек на ул. "Н.Наумовски" во Велес во која тој управувајќи патничко моторно возило „голф" со велешки регистарски ознаки се судирал со патничко моторно возило "сеат кордоба" со кавадаречки регистарски ознаки сопственост на С.С. а управувано од непознато лице. По незгодата двајцата возачи го известиле лице местото на настанот и се договориле дека наредниот ден ќе потполнат европски извештај. Увид на местотот на настанот извршила екипа од СВР Велес а за настанот е запознат е јавен обвинител.

На 04.07.2020 година во 19,55 часот, на магистралниот пат Кичево-Гостивар, кај селото Колари, случена е сообраќајна незгода помеѓу патничките автомобили „Фолсфаген Буба" со кичевски регистарски ознаки, управувана од А.Ч.С.(32) од Кичево, „Сеат" со скопски регистарски ознаки, управуван од Г.Н.(37) од Скопје, „Ламборџини" со скопски регистарски ознаки, управуван од Д.Ш.(24) од Скопје и „Киа" со скопски регистарски ознаки, управуван од П.П.(23) од Скопје. Притоа, А.Ч.С. се здобила со тешки телесни повреди и е пренесена воУргентен центар во Скопје, додека со телесни повреди се здобиле Д.Ш. и Б.С. (31) – возач и сопатникот во возилото „Ламборџини" како и П.П. возачот на возилото „Киа". На местото на незгодата, извршен е увид.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет